**Барање:**

Како Министерството за одбрана располага/се грижи за земјиштето во КО Горно и Долно Оризари, Скопје, парцели со имотен лист: 793, сопственост на Министерството?

**Одговор:**

Земјиштето во КО Горно и Долно Оризари, Скопје, кое е евидентирано во ИЛ 793, е земјиште во Визбегово, наследено од поранешната ЈНА. Во ЈНА тоа претставувало позиција на ПВО позната како „Коњски Дол", но со осамостојувањето на Македонија, истото не се користи од страна на Армијата на Република Северна Македонија.

Од тие причини ова земјиште претставува несуштинско земјиште, и истото е опфатено со Планот за дивестирање од 2005 година, донесен од Владата на Република Македонија.

Во ИЛ 793 се уште стои дека Министерството за одбрана е сопственик на ова земјиште, а правото на сопственост не можеме да го откажеме поради измените од 2015 година на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општина сопственост.